Предлог

Врз основа на и член 36, став 1, точка 6 и член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 101 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20 78/25, 132/25 и 250/25), член 157, став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден ___.11.2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2027 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
- Планирање на развојот на образованието;
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес;
- Создавање услови за развој на високото образование.

II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2027 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа

- Создавање на услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес за развој на образованието;
- Создавање услови за унапредување на условите во образовните институции.

	НАЗИВ	Предвидени средства
1	**АКТИВНОСТИ**	**2.502.000,00**
1.1	Прогласување најдобар наставник по одделенска и предметна настава од општинските основни училишта од Општина Велес	45.000,00
1.2	Прогласување најдобар наставник од општинските средни училишта од Општина Велес	23.000,00
1.3	Прогласување најдобар ученик од општинските основни училишта од Општина Велес	17.000,00
1.4	Прогласување најдобар ученик од средните училишта на подрачјето на Општина Велес	17.000,00
1.5	Еднократна парична помош за прваче	1.400.000,00
1.6	Финансиска поддршка на ученици и ментори за освоено, прво, второ или трето место/награда на државен, меѓународен или олимписки натпревар	1.000.000,00
2	**ТЕКОВНИ РАБОТИ**	**100.000,00**
2.1	Непредвидени трошоци	100.000,00
3.	**ИНВЕСТИЦИИ**	**11.229.044,00**
3.1	Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес	11.229.044,00
	ВКУПНО	**13.831.044,00**

1 ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата во Буџетот на Општина Велес за 2027 година, Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, сопствени приходи на училиштата и од донации.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институции и граѓанските организации кои ќе реализираат проекти од областа на образованието, финансирани од други инвеститори – заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и сл.

2 ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

- Обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
- Создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес;
- Создавање услови за целосна опфатеност со интернатско сместување на учениците;
- Создавање услови за отворање повеќе високообразовни институции;
- Вклучување на општината во проекти на МОН, странски и домашни донатори.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Предлог-програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието 2027 година претставува континуитет од Програмата за 2026 година и овој предлог-документ е планирање на активностите во оваа област во 2027 година.

Во глава Активности предвидени се 2.502.000,00 односно со дел од тие финансиски средства предвидено е да се наградат најдобрите наставници и ученици кои имаат забележителни резултати за учебната 2026/2027 година. Традиционално по повод 24 Мај, Денот на сесловенските просветители Св.Кирил и Методиј, на најдобрите наставници и ученици им се доделуваат признанија и материјални средства односно наставникот во одделенска настава и предметна настава во основните општински училишта како и најдобриот наставник во средните училишта на подрачјето на Општина Велес ќе добијат 20.000,00 ден, додека најдобриот ученик во основните општински училишта, односно средните училишта на подрачјето на Општина Велес ќе добие по 15.000,00 ден во 2027 година.

Исто така предвидени се по 3000,00 ден за секое новозапишано прваче како еднократна помош со цел материјално да се поддржат родителите на почетокот на учебната година согласно Одлуката за доделување еднократна парична помош за прваче во Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/2022) донесена од Советот на Општина Велес.

Согласно Правилникот за доделување финансиска поддршка на ученици и ментори од основните и средните училишта на подрачјето на Општина Велес за освоено прво, второ или трето место/награда на државен, меѓународен или олимписки натпревар планирани се финансиски средства за поддршка на учениците и менторите од основните и средните училишта на подрачјето на Општина Велес за освоено прво, второ или трето место/ награда на државен, меѓународен или олимписки натпревар. Паричните награди се движат од 2000,00 до 6000,00 денари по добитник во зависност кое место го освоиле и дали имаат освоено диплома на државен, меѓународен или олимписки натпревар.

Во глава Тековни работи во 2.1 „Непредвидени трошоци” за 2027 година предвидуваме 100.000,00 денари кои би се искористиле за потребите на основните и средните општински училиштата.

Во глава Инвестиции во 3.1 „Реконтрукција на фасада на ССОУ “Димитрија Чуповски” и фасада и кров на спортската сала на ССОУ “Димитрија Чуповски” за 2027 година предвидени се 9.429.044,00 денари.

Точката инвестиции е предвидена согласно развојната програма за Реализација на проект Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес.

-Реализација на проект за реконструкција на противпожарен дом во Велес (со зграда 2 и партер пред згради).

Вкупно во програмата за образование за 2027 година предвидени се 12.031.044,00. Средствата за реализација ќе се обезбедат од Буџетот на општината и други извори на приходи.